Општинско Основно училиште „Круме Кепески“- Скопје

# *Кодекс*

## на однесување на вработените, учениците и родителите во ООУ Круме Кепески, Скопје

## *Кодекс за однесување на вработените*

***Вработените во училиштето се модел од кој учат учениците. Секој ученик заслужува да има добар модел за учење.***

Целта на етичкиот кодекс е да се поттикне разбирање и прифаќање на темелните начела на морално оправданото однесување и нивна примена во специфичниот контекст на основното образование, поконкретно на ООУ “Круме Кепески“. Со тоа што подрачјето на етиката е пошироко од законското, со овој етички кодекс се настојува да се афирмираат и развиваат вредностите кои се специфични за воспитно-образовната професија.

Во таа насока, секој оној кој се посветил на работа со ученици:

- Верува дека секој ученик може да учи и да се развива
- Ја разбира наставничката професија како процес на доживотно учење
- Посветен е на наставничката професија и придонесува за нејзина професионализација и соодветен општествен статус
- Развива партнерски односи со сите чинители во образовниот процес
- Промовира еднаквост, инклузија и социјална правда

**Вработените во училиштето треба да се насочени кон:**

- Постојано подобрување на својата работа и на работната средина
- Постојано усовршување во професијата
- Професионален однос во работата:
  - Конструктивно справување со конфликти
  - Почитување на индивидуалните разлики и мислења
  - Одржување на работната етика (навремено извршување на обврските, грижа за ресурсите во училиштето, доверливост)
  - Позитивна, коректна комуникација (вербална и невербална) со сите субјекти во училиштето (ученици, родители, колеги)

- ❖ Практикување на тимска работа
- ❖ Соодветен професионален изглед и однесување

**Однесувањето и комуникацијата со учениците подразбира:**

- Почитување на личноста на ученикот (без навреди, закани, омаловажување, игнорирање).
- Воспоставување искрена, јасна и отворена комуникација.
- Не навлегување во приватноста на ученикот и неговото семејство.
- Сослушување и почитување на мислењето на учениците.
- Познавање и почитување на потребите на учениците.
- Постапување доверливо со податоците или информациите кои се однесуваат на ученикот и неговото семејство.
- Грижа за безбедноста, менталното и физичкото здравје на учениците.
- Постојано следење на развојот и постигнувањата на учениците и давање повратни информации во функција на нивно подобрување.
- Објективно оценување, соопштување и образложување на оценката на ученикот.

**Однесувањето и комуникацијата со родителите на учениците подразбира:**

- Коректна, отворена и јасна комуникација.
- Посветување време, сослушување.
- Толерантност, флексибилност.
- Почитување на приватноста.
- Доверливост, дискреција.
- Заедничко решавање на проблемите.
- Градење на авторитет и углед и надвор од училиштето.

**Однесувањето и комуникацијата со колегите подразбира:**

- Меѓусебно уважување.
- Меѓусебна поддршка.
- Не давање на било какви коментари за колегите пред учениците и родителите.
- Давање на конструктивна и добронамерна критика.
- Прифаќање на критики како позитивни и добронамерни.
- Почитување на приватноста.
- Разграничување на приватното од службеното.
- Поддржување, стимулирање и помош во наставниот процес.
- Меѓусебна соработка (барање помош и споделување на знаења и искуства).

## ***Зошто овој Кодекс?***

***Поради тоа што учител не е секој. Тој ја носи својата личност и уште илјада други во иста кожа.***
***Како таков, тој е симбол, пример и модел во секоја ситуација и на секое место – на лошите да станат добри, на неискрените да станат искрени, на луѓето да станат луѓе.***

## *Кодекс за однесување на учениците*

### *Секој ученик треба да биде ценет како личност и да се чувствува пријатно и безбедно во своето училиште.*

Целта на овој кодекс е да ги регулира начините на однесување и комуникација на учениците во училиштето, но и да влијае врз прифаќање, практикување и развивање на етички и морални вредности кај нив. Учениците треба да имаат јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството и да ги знаат своите права и одговорности. Тие се должни да ги почитуваат основните принципи на мерките и активностите за превенција и заштита од насилство.

### *Однос на учениците кон себе, кон училиштето и кон наставата*

***Учениците треба:***

-навреме и редовно да доаѓаат на настава
-редовно да ги извршуваат училишните обврски
-да бидат пример со своето пристојно облекување, да ја носат училишната униформа
-да водат грижа за својата хигиена
-за време на часовите да ги исклучат мобилните уреди и истите да ги остават на катедрата, на место наменето за тоа
-да водат грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор, отпадоците да ги фрлаат во корпа
-да го чуваат училишниот имот, односно да имаат одговорен однос кон училишниот инвентар и другите средства во училиштето
-да бидат подготвени, внимателни и активни на часовите
-да бараат да бидат јавно оценети и секогаш да ги знаат резултатите од својот труд
-навремено и објективно да ги информираат родителите за својата работа и однесување во училиштето.

### *Однос и комуникација на учениците со другите ученици, со вработените во училиште и со други лица*

***Учениците треба:***

-да ја почитуваат личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето
-да остваруваат учтива и ненасилна комуникацијата со соучениците и возрасните, односно да не користат непристоен и навредлив говор како во директната комуникација, така и на сите социјални мрежи и електронски уреди
-да соработуват со соучениците , меѓусебно да си помагаат и да покажуваат хуманост
-да не манифестираат било каков вид на насилно однесување (вербално, физичко, социјално, кибер)
-да реагираат на секаков вид на насилство, почитувајќи ги правилата и протоколите на училиштето за превенција и постапување во случаи на насилно однесување.

***Учениците не смеат:***
-да носат во училиште предмети (пр.оружје, петарди) со кои можат да предизвикаат повреда кај други ученици, наставници и вработени
-да поттикнуваат и поддржуваат други ученици на неприфатливо однесување и говор на омраза
-да консумираат алкохол, цигари и супстанци на зависност
-да предизвикуваат, иницираат и учествуваат во конфликтни ситуации
-да се однесуваат кон другите дискриминирачки по било која основа.

## *Кодекс за однесување на родителите*

***Секој родител треба да се чувствува добредојдено во училиштето во кое учи неговото дете и да го доживува како место за соработка и вложување на заеднички напори за добросостојбата на секој ученик во училиштето.***

Целта на овој кодекс е да ги регулира начините на однесување и комуникација на родителите со училиштето, со што ќе се овозможи ефективна соработка меѓу родителите и училиштето и ќе се даде позитивен пример на децата – учениците.

***Грижата на родителите за своите деца-ученици и односот со училиштето подразбира:***

- Грижа за навремено и редовно доаѓање на нивните деца на настава.
- Навремено најавување и оправдување отсуството на своите деца – ученици.
- Обезбедување на своите деца-ученици со потребните материјали и училишен прибор.
- Поттикнување на своите деца за почитување на правилата за однесување на учениците.
- Соодветна грижа за формирање на хигиенски, работни и културни навики кај своите деца.
- Редовна соработка со воспитно-образовниот кадар.
- Редовно и навремено одговарање на повикот на наставниците или стручната служба на училиштето, редовно доаѓање на родителски средби.
- Остварување коректна и искрена комуникација со училиштето.
- Навремено информирање за потребите, промените и проблемите на учениците.
- Почитување на информациите, професионалните одлуки и совети на воспитно-образовниот кадар поврзани со нивните деца.
- Активно учество и поддршка на активностите во училиштето.
- Поддржување на учењето на своите деца-ученици преку залагање за фер оценување.
- Земање на активно учество во дискусиите со конструктивни мислења и предлози, како и почитување и уважување на мислењата на останатите родители.

- Соработување и работа заедно со училиштето во најдобар интерес на ученикот.
- Градење позитивен став и однос кон училиштето.
- Чување на угледот на училиштето.

***Односот и комуникацијата на родителите со воспитно-образовниот кадар, другите ученици и родители подразбира:***

- Почитување на личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето.
- Остварување учтива и ненасилна комуникацијата со вработените, другите родители и ученици, односно да не се користи закануваачки, непристоен и навредлив говор како во директната комуникација, така и на сите социјални мрежи и електронски уреди.
- Реагирање на секаков вид на насилство, почитувајќи ги правилата и протоколите на училиштето за превенција и постапување во случаи на насилно однесување.

***Родителите не смеат:***

-при застанување или паркирање на своето возило да ги попречуваат – блокираат влезовите на училиштето и пешачкиот премин

-да се обраќаат директно на други деца со закани,совети, прекори , укажувања и слично, сите забелешки и укажувања можат да ги прават преку наставник

-да се однесуваат кон другите дискриминирачки по било која основа.

**Сите горенаведени чинители во воспитно-образовниот процес во нашето училиште (вработени, ученици, родители) должни се:**

**-да го почитуваат Кодексот на однесување на вработените, учениците и родителите**

**-да го почитуваат Куќниот ред на училиштето**

**-да ги почитуваат Правилата за однесување кои произлегуваат од овој Кодекс и попрецизно го дополнуваат.**